
Јованка Денкова
АХАТ

Јованка Денкова

# АХАТ

Штип, 2025


ISBN 978-608-66129-2-4

## СОДРЖИНА

АХАТ.......7
СТРАНЦИ.......8
ПРЕСЕЧЕН ЖИВОТ.......9
ПРИВИДНОСТ.......11
ТЕ МИСЛАМ.......12
ЖИВОТ.......13
ЛАНГИДА.......14
БАБИТЕ.......15
ЗАСОЛНИШТЕ.......16
СТРАСТ.......17
КИПАРИС.......18
ХЕРОЈСТВО.......19
НОЌНА РАПСОДИЈА.......20
КРАДЕЦ НА СОНИШТА.......21
ВО ТЕМНИНАТА.......22
КОЊ.......23
ШЕПОТИ.......24
ДРАМА НА ПЕРОНОТ.......25
ЗАДУШНИЦА.......26
СТРАВ.......27
СТАРИОТ ЧАСОВНИК.......28
МЕ ЗАДУШУВА ТОПЛИОТ ВОЗДУХ.......29

АУШВИЦ ........ 30
ДРЕБУЛИИ ........ 31
ВИЕЖ ........ 32
НЕ Е ВАЖНО ........ 33
БЕДУИН ........ 34
МРАЗ ........ 35
ТЕ НЕМА – А ТУКА СИ ........ 36
КОСТЕНИ ........ 37
РИЗЛИНГ И РИЖОТО ........ 38
ТЕМНИНА ........ 39
РАЗОЧАРУВАЊЕ ........ 40
ВИРУС ........ 42
НЕКАДЕ ........ 43
ПАТ ОД ИЛЈАДА КИЛОМЕТРИ ........ 44
НЕМОЌ ........ 46
ПРАЗНИЧНА ........ 47
БЕЗДОМНИК ........ 48
ПРЕМОЛК ........ 50
АКО ЗАСПИЈАМ ........ 51
АХАТОТ КАКО ФЕНИКС, ТАЛИСМАН, ВЕРБА И ЗАШТИТА ........ 55
БИОГРАФИЈА НА АВТОРОТ ........ 63



**АХАТ**

Со прстите отсутно го милувам,
бесценетиот камен
околу вратот што ме милува.
Вповувам во ладовиштето
на ослободената имагинација
и почнува драмата
на сопственото преиспитување
за чудните животни крстосници.
Мислев изедена од црвојадина сум
и кладенецот на среќата е пресушен.
Закоравен скептик,
а сепак, скаменетото срце
со верба проникнува.
Божествениот ахат
со темноцрвена боја
заштита ми дарува,
крвта ми ја означува.

**АХАТОТ КАКО ФЕНИКС, ТАЛИСМАН, ВЕРБА И ЗАШТИТА**
**или**
**За едни стихови што печат и лечат, преминуваат, веруваат, болат и молат**

Симболиката на ахатот како бесценет и полускапоцен камен се поврзува со ново раѓање, со благосостојба, со оживотворување слично на она при кое Феникс повторно се раѓа од пепелта. Ахатот е симбол на надеж и верба и во поезијата на Јованка Денкова, вплетена во нејзиниот втор стихозбирски гоблен од стихови, насловен како „Ахат“. Во истоимената песна што не случајно е прва по ред подредена и ставена како воведничарска, низ пеењето на лирскиот субјект експлицитно е испишана атрибутската расположба дека поетесата е „изедена од црвојадина“ и дека „кладенецот на среќата е пресушен“, за веќе во вториот дел од истата, како стимул на духовно себефениксување, да се јават вербата и заштитата преку „божествената моќ на ахатот“. Во природата ахатот се јавува во повеќе бои и претстави, но во песнава таа сила да штити и да влева верба, ја има темноцрвениот камен. Црвената е боја и на љубовта (вербата) и на крвотечението (заштитата) и истата таа

боја наговестува дека овие стихови истовремено и ќе печат и ќе лечат, и ќе болат и ќе веруваат и молат. За време на Ренесансата, овој кристал се користел како талисман. Таков е и ахатот нанижан на ѓердан околу вратот на поетесата. Надежта, пак, како втора страна на идентичната паричка во која е изрезбана вербата, извира во песната „Пат од илјада километри“.

Ахатот се смета за еден од најстарите кристали, создаден пред 15 илјади години. Се смета дека прв го пронашол грчкиот филозоф и природословец Теофрастус на подрачјето крај реката Ахатес на Сицилија, па според неа го добил и името Ахат. Се смета дека ахатот го исполнува животот со радост и оптимизам. Радоста, иако поистоветена со привидност, сепак, е присутна во песната „Привидност“ од оваа стихозбирка. Во неа лирскиот субјект наоѓа мир и спокој во малите, а големи нешта во урбаниот амбиент на градските дворови и во расцутот на природата. Сите сетила се активирани во вкупно 18 стиха и тоа: видот од светлината ги заблескува улиците, слухот од џагорот и звуците ечат во дворовите, допирот е присутен преку предвечерната прегратка кон дрвјата, мирисот - преку бујната зелена трева. Сето тоа - низ обоени слики со смирувачка и оптимистичка конотација каде кората на дрвјата подгребнува, потсетувајќи дека и во идиличноста на прегратката кон природата има нешто што за миг те подзапекува... „Убавината на едноставниот живот“ стои во иста линија со таа привидност, а радост. Оттука - и смирението што му дава сила на лирскиот субјект да се издигне и да продолжи. Патувањата, опеани во песната „Некаде“, се, исто така, мелем за поетовото битисување, оти „таму далеку сѐ е поинакво, и маката, и тагата, и загубата...“

Во песните „Пресечен живот“, „Те мислам“ и „Страв“, нишката на стравот се провејува, но не е посилна од сѐ. Генитивната метафора изречена преку „океанот на животот“ алудира на знајните и незнајните собития и збиднувања што тој во себе брановидно ги носи. Дека песните треба и да звучат и да значат, потврдуваат и беспрекорно со мелодичност исполнетите делови од стиховите во кои се пее: „...соништата ти ги намирисувам/мирисаат на миро...“. Оттука - мирото како симбол за материјален доказ меѓу овоземскиот и световниот свет и мирисот како сетило за премин од светот тука и светот таму. Мотивот на сонот преку „соништата како неканети гости“ е домаќин за стравот, кој лирскиот субјект свесно го изгонува, обраќајќи му се со метонимијата „поганијо“, бркајќи кон кон „пуста гора“, далеку од домот, далеку од белата постела, таму некаде длабоко во ноќта без да има пристап во мигот кога зората и утрото ќе забелеат.

Преку стиховите во кои лирскиот субјект пее за „катадневното тивко умирање на оваа празна школка од моето тело“ во песната „Лангида“, повторно се детектира мотивот на Фениксовото пеплосување (тивко умирање) и повторно раѓање. Лебот е симбол на животот, житото - на плодноста, лангидата - на чистотата, на благовеста, на новото раѓање, новиот живот, најголемата радост. Духовното рушење се амортизира и за миг се лекува со мирисот на лангидата од бабината кујна, која не само што навраќа кон топлината на детството, туку е столб и централно место на домот и неговата некогашна

идила. „Нарушената рамнотежа“, за која пее лирскиот субјект и која го отсликува хаосот во микрокосмосот, се регулира со редот во космосот претставен преку миризливата и топла кујна бабина во која лангидата се приготвува и најавува: и спокој, и новина и премин кон еден спокоен свет. Во песната „Лангида“ не случајно пленат и во првата строфа се испреплетуваат лексеми кои почнуваат со буквата „л“, ами за да воведат и градациски да се подредуваат кон клучното слово и да му дадат мелодичен тон на стихословјето: „лагот“, „лабаво“, „лаеж“, „ладникавото“, „лангида“.

*Бабите* како материјална врска меѓу денешнината и минатото преку преданијата и „како неми сведоци или лажно сведочење за врската со минатото“ или како факти „меѓу сонот и јавето“, не само што претставуваат хипертекстуални елементи кои водат кон нешто друго, туку во поезијата на Денкова отвораат и филозофски размисли или преку контекстот на стихот или преку реторските прашања во песната „Бабите“: „Дали го носиме наследениот грев на нашите плеќи? Дали неверата во титанската сила му ги одброја деновите на човековиот род на Земјата?“

Темнината на ноќта, полумракот, амбиентот во ноќта, мотивот на смртта и преминот или спојот од некогашната живост и денешните засведочени траги со сите нивни животно - филозофски размисли и прашања се стихосуваат и се претставуваат пред јавноста преку песните: „Кипарис“, „Ноќна рапсодија“, „Херојство“, „Во темнината“, „Задушница“, „Аушвиц“, „Костени“, „Ризлинг и рижото“„Темнина“, „Вирус“...

„Талогот на заборавот“ и „темнината на споменот“ се генитивни метафори во песната „Засолниште“ преку кои како духовен архелог, лирскиот субјект копа низ минатото, поистоветувајќи се метафорично со „недогорена гламја“. Во истата песна, каменот и тишината ја имаат арс-поетичката моќ, слично како во песните на Ацо Шопов. Виежот на ветрот од природата е пресликан со презир во виежот на ветрот во внатрешноста на лирскиот субјект во стиховите од песната „Виеж“. Арс-поетска е и песната „Премолк“.

Како што Петре М. Андреевски пееше за Деницијa дека „ништо не е повидливо и ништо не е поприсутно од нејзиното отсуство“, така и лирскиот субјект на Јованка Денкова во песната „Те нема, а тука си“, во двостишје успева да отпее: „Невидливото, недопирливото/сеприсутното твое отсуство“. Во песните „Немоќ“ и „Ако заспијам“, рефренично одзвонуваат идентични стихови што се повторуваат. Втората песна е експлицитно посветена на прерано загинатиот брат на поетесата, која на крај го изговора и неговото име, Ристе. На таа вокација ѝ претходат бројни слики околу кои како крај централни оски се вртат спомените. Такви се: смоквиното дрво, кајсијата во дворот, дрвената врата... Дрвото е симбол на еволуцијата, на заедничкото потекло, но исто така и на соединувањето помеѓу копненото (овоземното) и небесното.

Во Стариот Рим ахатот бил посветен на Божицата на плодноста и овозможувал: храброст, ведрина, издржливост и победа. Енергијата на ахатот ја држи личноста што го носи: инспирирана, мотивирана, креативна, продуктивна. Нека и овие стихови бидат уште едно духовно прочиствување и последователна мотивација за сите сегашни и идни генерации читатели! Стиховите на Денкова и печат и лечат, и болат и молат. Допираат

длабоко во душите на читателите, испевајќи го сето она што мачи и мори, но верувајќи и испливувајќи фениксовски пред сето она што е и што следи.

Ова е втора стихозбирка на универзитетската професорка Јованка Денкова, која изферментирано успеа да ја види публикациската светлина на денот. Од позиција на рецензент, топло препорачувам нејзините стихови да вдишат во вас, читателите, преку сите ваши сетила. Во ова време - невреме кога духовното хранење и катарзичноста се повеќе од неопходни, земете го ова парче - исповед и верба во свои раце и нека очите на вашите срца го впијат тонот што води кон излез од темнината, верувајќи во светлината на утрото, во убавината на животот, во ковчежињата полни спомени, во привидноста што, сепак, е израз на радост.

*Во март 2025 година во Штип,*
*проф. д-р Милена Ристова - Михајловска*